Врз основа на член 18 став 1 алинеја 8 и член 20 став 1 алинеја 11, во врска со член 67 став 2 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14) и член 15 став 1 алинеја 7 и член 39 став 1 алинеја 3 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр. 01-4351/1 од 29.08.2014 година, а во согласност со Заклучокот на Советот на Агенцијата бр. 02-5671/6 од 19.11.2014 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 18-та седница одржана на 19.11.2014 година, донесе

# УПАТСТВО
# ЗА НАЧИНОТ НА КЛАСИФИКАЦИЈА
# НА ВИДОВИТЕ АУДИОВИЗУЕЛНИ И АУДИО ПРОГРАМИ

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Предмет на Упатството

1. Со ова Упатство се уредуваат видовите и начинот на класификација на аудиовизуелните и на аудио програмите кои се составен дел на програмската шема на радиодифузерот.

### Цели на Упатството

2. Целта на ова Упатство е да обезбеди примена на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, особено во поглед на:
   - заштитата на културниот идентитет преку програмите на радиодифузерите (член 92);
   - обврските за емитување европски дела и дела од независни продуценти (член 91);
   - утврдувањето на форматите на програмските сервиси на радиодифузерите (член 67);
   - начинот на водење евиденција на емитуваната програма на радиодифузерите (член 47);
   - забраната за спонзорирање и за пласирање на производи во одредени видови програми (член 54 и член 55);
   - забраната за емитување рекламирање и телешопинг во одредени видови програми (член 99).

### Дефиниции

3. Аудиовизуелна програма е целина од подвижни слики со или без звук, што претставува посебен елемент во рамки на хронолошкиот редослед на програмите (програмска шема) од давател на аудиовизуелна медиумска услуга.

4. Аудио програма е музичка и/или говорна содржина што претставува посебен елемент во рамки на хронолошкиот редослед на програмите (програмската шема) утврден од давател на аудио медиумска услуга.

5. Во видови аудиовизуелни и аудио програми спаѓаат само осмислени целини со забавна, образовна и информативна функција.

## Критериуми за класификација

6. Класификацијата на видовите аудиовизуелни и аудио програми е направена главно врз основа на еден или на комбинација од следниве критериуми:
   - медиумската функција (информативна, образовна и забавна);
   - пристапот во обработката и содржината на програмата,
   - децата како целна група – за деца се сметаат лицата до 12 години.

## Начин на определување на видовите програми

7. Определувањето на видот на аудиовизуелната или аудио програма се врши според функцијата, приодот и содржината на емитуваните изданија, а не само според описот на емисијата деклариран во програмскиот концепт на давателот на аудио или аудиовизуелната медиумска услуга.

## Програми со информативна функција

8. Во видови аудиовизуелни и аудио програми со информативна функција се класифицираат:
   - Вести или ТВ и радио дневници;
   - Актуелно-информативна програма;
   - Актуелно-информативна програма со документаристички пристап;
   - Актуелно-информативна говорна шоу програма;
   - Преноси или снимки од седници на органите на власта;
   - Преноси или снимки од општествено-политички настани;
   - Информативни магазини;
   - Специјализирани информативни емисии;
   - Информативно – забавна програма;
   - Инфо – сервис;
   - Информативна програма од областа на уметноста, културата и хуманистичките науки;
   - Друга информативна програма.

9. Видовите програми со информативна функција се класифицираат и според целната група - деца.

## Програми со образовна функција

10. Во видови аудиовизуелни и аудио програми со образовна функција се класифицираат:
    - Образовна програма;
    - Образовно-забавна програма;
    - Образовно-забавна програма за физичка култура и рекреација;
    - Документарна програма;
    - Документарно-забавна програма;
    - Образовна програма од областа на уметноста, културата и хуманистичките науки;
    - Документарна програма со религиозна тематика;
    - Друга образовна програма.

11. Видовите програми со образовна функција се класифицираат и според целната група - деца.

### Програми со забавна функција

12. Во видови аудиовизуелни и аудио програми со забавна функција се класифицираат:
    - Забавно – информативна,
    - Забавна говорна шоу програма,
    - Забавно-образовна програма;
    - Забавно – документарна програма;
    - Програми со хороскоп/тарот/јасновидци или толкување соништа,
    - Спортска програма: пренос или снимка од спортски натпревари или настани и спортски магазини;
    - Играна програма: телевизиски филмови, кинематографски филмови, анимирани филмови, серии, серијали, театарски претстави, хумор и сатира, реалистични играни серијали;
    - Музичка програма: музичко-говорни програмски целини, снимки и преноси од концерти, музички фестивали, танци, балет, опера и слично, музички спотови, музичка реалистична програма;
    - Игри: натпревари со ниска продукциска вредност, натпревари со висока продукциска вредност, квизови, игри на среќа и наградни игри;
    - Вариете,
    - Формат на реалистична телевизија: скриена камера, преноси или снимки од натпревари на анонимни изведувачи, медиумски обликуван социјален експеримент, преноси или снимки од секојдневието на јавни личности, симулирана „реалистична“ реконструкција;
    - Друга забавна програма.

13. Видовите програми со забавна функција се класифицираат и според целната група - деца.

## II. ОПИС НА ВИДОВИТЕ АУДОВИЗУЕЛНИ И АУДИО ПРОГРАМИ

### Описи на видовите програми со информативна функција

14. Видовите аудиовизуелни и аудио програми со информативна функција се определуваат според следниве описи:

    14.1. **Вести или ТВ и радио дневници** се програмски целини што ги сумираат најважните глобални, регионални и/или домашни општествени тековни случувања и настани, проследени главно преку новинарските жанрови вест и извештај;

    14.2. **Актуелно-информативна програма** е тематски определена програмска целина, примарно наменета да известува и/или да анализира во врска со актуелни или со реактуелизирани глобални, регионални и/или домашни општествени настани, случувања и теми. Најчесто е реализирана низ разговори и интервјуа, а може да вклучува и студиски врски, панел дискусии и изјави од соговорници вон студискиот дел;

    14.3. **Актуелно-информативна програма со документаристички пристап** е програмска целина во која документарните материјали сочинуваат најмалку половина од вкупната минутажа на новинарски организираната, тематски определена програмска целина, примарно наменета да известува и/или да анализира во врска со актуелни или со реактуелизирани глобални, регионални и/или домашни општествени настани, случувања и теми. Најчесто е реализирана низ разговори и интервјуа, а може да вклучува и студиски врски, панел дискусии и изјави од соговорници вон студискиот дел, стручни

анализи, анкети, податоци од истражувања, извештаи во врска со главната тема на емисијата, и слично.

14.4. **Актуелно-информативна говорна шоу програма** е програмска целина чија примарна цел е да овозможи продлабочена анализа на актуелни или на реактуелизирани глобални, регионални и/или домашни општествени случувања, настани и теми, најчесто има точно утврден термин од програмската шема и е реализирана како студиска програма, осмислена од еден или од повеќе постојани водители преку - интервјуа, дебати или панел-дискусии, а може да вклучува и телефонски контакт со публика.

14.5. **Преноси или снимки од седниците на органите на власт** се програмски целини наменети за информирање на јавноста за работата на органите од централната или од локалната власт.

14.6. **Преноси или снимки од општествено-политички настани** се програмски целини наменети за информирање на јавноста за значајни настани од општествено-политичкиот живот на државата.

14.7. **Информативни магазини** се колажни програмски целини чија примарна цел е преку новинарски осмислени прилози да ја информираат публиката и/или да ѝ овозможат попродлабочени сознанија за теми што немаат значење за тековен новинарски третман.

14.8. **Специјализирани информативни емисии** се информативни програмски целини со примарна цел да обезбедат продлабочена анализа на актуелни или на реактуелизирани теми, за целна група определена според интересот и/или според возраста.

14.9. **Информативно-забавна програма** е програмска целина од разнородни и најчесто меѓусебно независни информативни прилози за различни настани, случувања и за различни теми, со забавни компоненти од наградни игри, од приказ на креативно хоби или на друга целесообразна активност, од кулинарска, од музичка, од вариете програма, и слично, а може да вклучува и телефонски контакт со публика.

14.10. **Инфо-сервис** е програмска целина од куси сервисни информации за секојдневието - временска прогноза, точно време, репертоар на кина и театри, состојби во сообраќајот, комунални информации, верски календар, и слично.

14.11. **Информативни програми од областа на уметноста, културата и хуманистичките науки** се програмски целини примарно наменети да информираат за настани и за случувања од областа на уметноста, културата и на хуманистичките науки.

## Описи на видовите програми со образовна функција

15. Видовите аудиовизуелни и аудио програми со образовна функција се определуваат според следниве описи:

15.1. **Образовна** програма е програмска целина што преку дидактичен пристап презентира референтни, проверливи факти од хуманистички или од природонаучни области.

15.2. **Образовно-забавна програма** е програмска целина што освен примарната образовна функција реализирана преку дидактичен пристап, остварува и забавна функција преку варијациите на медиумската обработка и на презентацијата на фактите од хуманистичките или од природонаучните области.

15.3. **Образовно-забавна програма за физичка култура и рекреација** е програмска целина чија примарна цел е стручно, физијатриски да поучи за рехабилитациските ефекти од одредена психо-физичка активност или од одредена (традиционална) вештина.

15.4. **Документарна програма** е програмска целина, по сценарио и по режија оригинално авторско аудиовизуелно или аудио дело со образовна функција, примарно засновано на референтни, проверливи податоци за одреден географски регион или за лица и за настани релевантни за одредена глобална или локална област од општествениот живот. Според обработката на податоците, односно според пристапот кон темата, програмската целина може да биде реализирана како – репортажа, портрет на личност, исповед, фељтон, хроника и слично.

15.5. **Документарно-забавна програма** е програмска целина со примарно образовна функција, во која документарните материјали (референтни, проверливи податоци за одредена тема) сочинуваат најмалку половина од вкупната минутажа, но, во пристапот (сценариото, режијата) може да вклучува и автентични сведоштва и актерска игра што реконструираат историски настан или ситуации и настани од случај со локално општествено значење, или, пак, според содржината, може да засега активности што обично се поврзуваат со креативно хоби, со практична, целесообразна работа, или со приказ на постапки од некоја специфична способност или вештина.

15.6. **Образовни програми од областа на уметноста, културата и хуманистичките науки** се програмски целини со образовна функција, а примарна цел им е да посочат продлабочена, критичка анализа на теми, настани и на случувања од областа на уметноста, културата и на хуманистичките науки.

15.7. **Документарна програма со религиозна тематика** е програмска целина со примарно образовна функција, која преку сценаристичкиот и режисерскиот пристап најчесто е реализирана како портрет на духовник, како репортажа од светилиште, како историска хроника на религиозните групации на глобално или на локално подрачје, или како теолошко образложение на религиозни аспекти.

## Описи на видовите програми со забавна функција

16. Видовите аудиовизуелни и аудио програми со забавна функција се определуваат според следниве описи:

16.1. **Забавно-информативна програма** е програмска целина од разнородни, најчесто независни прилози за различни настани, случувања и за различни теми, содржински поврзани со музика или со вариете програма, со снимки од спортски настани, со приказ постапки од креативно хоби или од друга целесообразна работа, а информативната компонента им се состои од куси вести, од сервисни информации и од разговори што информираат за актуелни општествени настани.

16.2. **Забавна говорна шоу програма** е програмска целина со примарно забавна функција, препознатлива по еден или по повеќе постојани водители, обично со утврден термин во програмската шема, најчесто реализирана како - интервју, дебата или панел-дискусија, а може да вклучува и телефонски контакт со публика.

16.3. **Забавно–образовна програма** е програмска целина во која најмалку половина од прилозите имаат забавна функција, но содржи и независни прилози што преку дидактичен пристап презентираат референтни, проверливи факти од хуманистички или од природонаучни области.

16.4. **Забавно-документарна програма** е програмска целина со примарно забавна функција, а прилозите, според содржината и според пристапот, најчесто засегаат активности поврзани со креативно хоби или со практична, целесообразна работа, или со приказ на постапки од некоја специфична способност или вештина.

**16.5. Програми со хороскоп / тарот / јасновидци или толкување соништа** се програмски целини со примарно забавна функција, според реализацијата најчесто препознатливи по еден или по повеќе постојани водители што се во интеракција со гледачите главно преку телефонски контакт.

**16.6. Спортска програма**

- **Пренос или снимка** од целина или од делови на спортски натпревар или настан, или од свечено отворање на спортски настани и натпревари.
- **Спортски магазин** е програмска целина со примарно забавна функција, што информира или анализира во врска со стриктно актуелна спортска тема, а најчесто е реализирана преку разговори, интервјуа или панел дискусии, а може да вклучува и телефонски контакт со публика.

Доколку темата на спортскиот магазин е поврзана со актуелно случување или со актуелен настан од областа на спортот, но со пошироко глобално, регионално и/или локално општествено значење, тогаш според содржината и според пристапот, може да се класифицира и во актуелно-информативна програма (види опис 14.1.) или во актуелно-информативна програма со документаристички пристап (види опис 14.2.) или во специјализирана информативна програма (види опис 14.8.).

**16.7. Играна програма** е авторско, по сценарио и по режија оригинално аудиовизуелно или аудио дело, примарно засновано врз имагинарна приказна и врз актерска игра. Во овој вид програма спаѓаат следниве подвидови:

- Телевизиски филмови – аудиовизуелни дела оригинално произведени за прикажување на телевизија;
- Кинематографски филмови – аудиовизуелни дела оригинално произведени за прикажување во кино;
- Анимирани филмови - аудиовизуелни дела составени од различни техники на анимација - скици, цртежи, фотографии, скулптури или други уметнички (контекстуализирани) ракотворби;
- Серии – аудиовизуелни дела со варијабилен број епизоди меѓу кои обично има (но не е задолжителен) континуитет на карактерите и на просторно-временските локации, оти секоја епизода е засебна целина, и не е неопходно гледачот да има претстава што се случувало во претходните епизоди;
- Серијали – аудиовизуелни дела со варијабилен број епизоди, последователно поврзани по логика на драматуршка мотивација. Сериите и серијалите жанровски може да варираат во зависност од тематиката и од начинот на драматуршката обработка: комедија на ситуации, теленовела/сапунска опера, сага, криминалистички/детективски филм, итн.
- Реалистични играни серијали – програмска целина со примарно забавна функција, реализирана преку актерска игра чија основна намера е - според сценариото, според режисерската постапка и според нивото на продукцијата, врз основа на документарен материјал да симулира „реалистична" реконструкција на судски процес, на исповед, на персонална и/или фамилијарна, односно колективна драма. *(види опис – реалистичен формат – 16.11.)*
- Хумор и сатира – програмски целини со забавна функција, најчесто осмислени колажно од независни делови / прилози, тематски и содржински често насочени кон ангажирана општествена критика, реализирани преку актерска игра низ скеч или низ друг драматуршки облик;
- Театарски претстави – жанровски варијабилни сценски дела снимени за прикажување на телевизија.

16.8. **Музичка програма** е програмска целина составена од медиумски обликувани аудио и/или аудиовизуелни варијации на музички и/или на музичко-сценски дела, а опфаќа:

- Музичко-говорни програмски целини со примарна намена да прикажат медиумски настапи на музичари во живо или на плејбек, и/или музички спотови;
- Снимки или преноси од: концерти, музички фестивали, танци, балет, опера и слично;
- Музички спотови;
- Музичка реалистична програма - програмска целина најчесто реализирана како натпревар на анонимни аматерски изведувачи со талент за музика, а успехот на учесниците зависи или од жири комисија или од гласањето на публиката.

16.9. **Игри** се програмски целини во кои селектирани поединци, тимови или публиката учествуваат во квизови, во наградни игри или во натпревари со ниска или со висока продукциска вредност. Во овие програми спаѓаат следниве подвидови:

- Натпревари со ниска продукциска вредност се програмски целини реализирани со ниски трошоци на продукција, интерактивни игри преку телефонска врска, и натпревари во кои за освојување награда не е потребно да се покаже ниту посебна, ниту општа информираност или вештина;
- Натпревари со висока продукциска вредност се програмски целини, режисерски и сценаристички обликувани како медиумски настани организирани на сценографски осмислена арена за екипно или за поединечно натпреварување пред публика;
- Квизови се програмски целини со примарно забавно-образовна функција, во кои индивидуални или екипни натпреварувачи ги воведуваат во игра своето образование, информираноста и/или вештината;
- Игри на среќа - лото, спортска прогноза, лотарија, томбола, бинго, и слично.
- Наградни игри.

16.10. **Вариете** е програмска целина во која најмалку половина од вкупната минутажа се состои од настапи на артисти од различни области: музика, сценски хумор, индивидуални настапи со пеење, играње, акробации, магионичарски точки, и слично.

- Вариете реалистична програма е програмска целина што најчесто е реализирана како натпревар на анонимни аматерски изведувачи со различни способности и вештини, а успехот на учесниците зависи или од жири комисија или од гласање на публиката.

16.11. **Формат на реалистична телевизија** - програмски целини со примарно забавна функција, а според формативната одредница – reality TV, основната намера им е преку пренос или преку интегрална снимка да регистрираат сиров аудио или аудиовизуелен материјал наменет за радиодифузно прикажување, неизменет преку сценаристичка, монтажерска, графичка и/или режисерска интервенција. Сепак, во практиката на нивната реализација, елементарната уредничка интервенција врз аудио и/или аудиовизуелниот материјал е забележлива барем во иницијалната идеја поставена на ниво на работен концепт, по кој најчесто се регистрираат ситуации во кои поведението, активноста и емоциите на инцидентните или на селектираните учесници се помалку-повеќе непредвидливи.

Формативната одредница „реалистична“ ТВ опфаќа:

- Скриена камера;
- Преноси или снимки од натпревари на анонимни изведувачи со талент за музика (види опис – 16.8. алинеја 4) или за некоја друга вештина (види опис - 16.10. алинеја 1);

- Медиумски обликуван социјален експеримент, како програмска целина во која учеството и активноста на селектирани или на случајно избрани учесници зависат од нивната инцидентна подготвеност за акција, најчесто според утврдени правила на игра, или, пак, зависат од гласање на жири комисија и/или на публика;
- Преноси или снимки што го регистрираат секојдневието на јавни личности;
- Симулирана „реалистична“ реконструкција на исповед, на судски процес, на персонална и/или фамилијарна, односно колективна драма (види опис 16.7. алинеја 8);

## III. СОДРЖИНИ ШТО НЕ ПОДЛЕЖАТ НА КЛАСИФИКАЦИЈА

17. Други сегменти во хронолошкиот редослед на програмите (програмската шема) кои не се класифицираат според критериумите за определување на видовите програми се:

17.1. **Аудиовизуелни и аудио комерцијални комуникации** - се звучни содржини или слики со или без звук што се направени за директна или индиректна промоција на производите, услугите или имиџот на физичките или правните лица што вршат економска активност или за популаризација на некоја идеја или активност или за постигнување друг ефект. Аудиовизуелни и аудио комерцијални комуникации ја придружуваат или се вклучени во програмата за паричен или за друг надоместок или за самопромотивни цели на нарачателот. Форми на аудио или аудиовизуелни комерцијални комуникации се: рекламирањето, телешопингот, спонзорството и пласирањето производи.

17.2. **Објави на радиодифузерот во врска со неговите сопствени програми** и помошни производи директно изведени од тие програми и објави за спонзорство и пласирање производи.

17.3. **Соопштенија од јавен интерес** - аудио или аудиовизуелна целини од јавен интерес наменети исклучиво за остварување општествена корист или алтруистичка цел, со кои се апелира врз свеста и врз поведението на граѓаните за клучни прашања од општествениот живот какви што се јавната безбедност и јавното здравје, природни несреќи и катастрофи, заштита на животната средина итн.

17.4. **Апели за добротворни цели** што радиодифузерите ќе ги емитуваат бесплатно и ќе ги означат како „бесплатно емитување“.

17.5. **Интермецо** - аудиовизуелни целини со примарна функција да ги пополнат празнините во програмската шема кои обично се појавуваат поради варијабилната минутажа на емисиите емитувани во живо. Главно се составени од медиумски обликувани, но новинарски неконтекстуализирани аудио и/или аудиовизуелни материјали.

17.6. **Верски програми, служби и проповеди** – програмски целини со основна цел – и според содржината и според пристапот - да претставаат аспекти на религиозен светоглед, било преку индивидуална проповед, било преку директни преноси и снимки од верски служби и/или проповеди.

Ако сценариото и режисерскиот пристап медиумски осмислуваат програмска целина реализирана како портрет на духовник, како репортажа од светилиште, како историска хроника за религиозни групации на глобално или на локално подрачје, или, пак, како теолошко образложение на религиозни аспекти, тогаш програмската целина ќе се класифицира како Документарна програма со религиозна тематика (види опис 15.7.). Ако програмската целина има примарна намена да информира припадници на одредена верска заедница за настани, за случувања или за прашања со религиозна/теолошка

тематика, тогаш ќе се класифицира во некој од формално соодветните видови информативна програма (види описи под точка 14).

**17.7.** **Програми за физичка култура и рекреација** - Програмски целини чија примарна намена е да демонстрираат сплет физички вежби со рекреативна намена.

Ако програмската целина на аудио и/или аудиовизуелниот материјал има за цел стручно, физијатриски да поучи за рехабилитациските ефекти од одредена психо-физичка активност или одредена (традиционална) вештина, тогаш, според медиумскиот пристап при обработка на содржината, ваквиот вид програма може да се класифицира или во образовно-забавна (види опис 15.2.) или во забавно-образовна програма (види опис 16.3.), во зависност од медиумската функција што претежнува.

**17.8.** **Најавни и одјавни шпици, џинглови и авизо** – аудиовизуелни и аудио сегменти кои служат за најавување или одјавување на програмски целини, програмски блокови, програмски сервиси или за меѓусебно раздвојување на различните програмски содржини.

## IV. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**18.** Со влегувањето во сила на ова Упатство престанува да важи Одлуката за класификација на радио и телевизиските програми („Службен весник на Република Македонија“ бр. 21/07).

**19.** Упатството влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во “Службен весник на Република Македонија”.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

Бр. 01-5740/1
19-11 2014 година
С к о п ј е